**ЈЗУ УНИВЕРЗИТЕТСКИ ИНСТИТУТ ЗА КЛИНИЧКА БИОХЕМИЈА**
**Ул. Мајка Тереза 17, 1000 Скопје**
**тел: 389 2 3119 080; 389 2 3147 951, факс. 389 2 3223 466; e-mail: jzuikb@hotmail.com; www.jzuukkb.mk**

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Јавна здравствена установа-
Universiteti shëndetësor publik
Универзитетски институт за клиничка биохемија
Instituti universitar për biokimi klinike

Бр.-Nr. 04-909/1
15. 09 2026 год.viti
Скопје-Shkup

Согласно член 30 став 3 и став 5, член 48 и член 49 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за вработување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивното бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на РМС" 259/2024) и член 30 од Статутот на ЈЗУ Универзитетски институт за клиничка биохемија - Скопје, в.д.Директорот на Јавна здравствена установа Универзитетски институт за клиничка биохемија – Скопје, објавува:

**ИНТЕРЕН ОГЛАС број 01/2026**
**за пополнување на работно место на административен службеник со унапредување**

ЈЗУ Универзитетски институт за клиничка биохемија – Скопје, објавува Интерен оглас на еден (1) административен службеник, за следното работно место:

1. ЗДР 01 02 В04 011 - **Назив на работно место:** Помлад соработник за наплата и фактурирање **Организациона единица:** Одделение за материјално – финансиско работење и јавни набавки, Сектор за материјално-финансиско работење, сметководство и јавни набавки– **1 (еден) извршител**

**Општи услови:**

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место,
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**

- ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, Општествени науки - економија и бизнис - со или без работно искуство во струката

**Општи работни компетенции на средно ниво:**

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- стварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни; и
- финансиско управување.

**Посебни работни компетенции:**

- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)

Scanned with CamScanner

**Распоред на работно време:**

- Работни денови: од понеделник до петок
- Работни часови неделно: 40
- Работно време: 07:30-15:00

Паричен нето износ на плата: 40.260,00

Кандидатите кон пријавата покрај доказите за исполнување на општите и посебните услови, можат да ги приложат и следните докази:

- потврди за успешно реализирани обуки,
- потврди за успешно реализирано менторство.

На интерниот оглас може да се јави административен службеник вработен во ЈЗУ Универзитетски институт за клиничка биохемија - Скопје, кој покрај општите и посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво во Законот за административни службеници и во актот за систематизација ги исполнува и следните услови:

- да е оценет со оцена „А“ или „Б“ при последното оценување;
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас;
- да поминал најмалку две години на тековното работно место;
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Заинтересираниот административен службеник, поднесува пополнета пријава за унапредување преку архивата на ЈЗУ Универзитетски институт за клиничка биохемија - Скопје до Секторот за административни -правни, општи работи и човечки ресурси и до службената електронска адреса на jzuikb@hotmail.com со назнака за интерен оглас.

Рокот за поднесување на пријавата со доказите трае 5 (пет) дена од денот на објавување на интерниот оглас на web страната на ЈЗУ Универзитетски институт за клиничка биохемија - Скопје и веб страната на Агенцијата за администрација.
Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оргиналот.

**Напомена**:
Ненавремената, нецелосната и неуредно пополнетата пријава, нема да се разгледува.
Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата, ќе биде дисквалификуван од натамошна постапка.

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut • Јавна здравствена установа- Institucioni shëndetësor publik Универзитетски институт за клиничка биохемија Klinika e biokimisë universitare • Скопје-Shkup

**в.д.Директор,**
**Doc. dr. Mimoza Bafqari-Bakiji**

Scanned with CamScanner

До: Сектор за административни -правни, општи работи и човечки ресурси

**ОБРАЗЕЦ ЗА ПРИЈАВА**

**ПО ИНТЕРЕН ОГЛАС ВО ЈЗУ УНИВЕРЗИТЕТСКИ ИНСТИТУТ ЗА КЛИНИЧКА БИОХЕМИЈА - СКОПЈЕ**

**1. Податоци за огласот:**

Број на интерниот оглас _____
Назив на работно место за кое се пријавува _____

**2. Податоци за кандидатот и тековното работно место**

Име и презиме _____ вработен/а во ЈЗУ Универзитетски институт за клиничка биохемија –Скопје
Назив на работно место _____ Одделение за материјално – финансиско работење и јавни набавки, Сектор за материјално-финансиско работење, сметководство и јавни набавки
Податоци за ниво и звање за работното место на кое бил распореден административниот службеник во последните две ГОДИНИ пред објавување на интерниот оглас _____

**3. Податоци за работното место за кое се пријавува**

Број на интерниот оглас_____
Звање_____
Назив на работно место_____
Шифра_____
Ниво_____
Одделение/Сектор_____

**4. Податоци за стручни квалификации**

Степен на образование или стекнати кредити_____
Вид на образование_____
Образовна институција_____
Насока_____
Податоци за вкупното работно искуство во струката (година и месеци):

- во јавниот сектор_____
- во приватниот сектор_____

Податоци за оценување (оцена) во последната година пред објавување на интерниот оглас_____
Податоци за изречена дисциплинска мерка една година пред објавување на интерниот оглас_____
ПОТВРДА/сертификат од обуки / менторство _____

Изјавувам под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците наведени во пријавата за унапредување се веродостојни, а доставените докази верни на оригиналот.

Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од понатамошна постапка.

Бр._____
_____. 2026 година

Подносител на пријавата
Административен службеник
_____
име и презиме

Scanned with CamScanner